# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2019

**СЕПТЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **11**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
| --- | --- |
| работни односи | 2 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 0 |
| пристап до добра и услуги | 1 |
| домување | 0 |
| медиуми | 4 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 4 |

## Реакции

Реакции овој месец **8**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
| --- | --- |
| осуда од функционери | 1 |
| соопштение од здр. на граѓани | 7 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| Превенција | Број |
| --- | --- |
| Активности на ДИ | 2 |
| Активности на здрж. на граѓани | 2 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | Процент |
| --- | --- |
| род | 63% |
| родов идентитет | 0% |
| пол | 72% |
| сексуална ориентација | 0% |
| етничка припадност | 36% |
| попреченост | 0% |
| корисници на дроги | 0% |
| друго | 27% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| Облик | Број |
| --- | --- |
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 7 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| Судски постапки | Број |
| --- | --- |
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 2 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД СЕПТЕМВРИ 2019

### СЛУЧАЈ:

Во месец септември Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе претставки до Советот за етика во медиумите против порталите Лидер, Вистина.мк и Експрес за вознемирување врз основа на пол и род. Овие медиуми објавија текстови со омаловажувачки коментари за Ана Марија Макеска, координаторката за социјални медиуми и односи со јавност во Министерството за финансии.

Советот за етика во медиумите одлучи дека порталите Лидер и Вистина.мк со објавените текстови го прекршиле членот 10 од Кодексот на новинарите во Македонија. Членот 10 од Кодексот предвидува дека новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазик на омраза и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа.

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите заклучила дека во двата случаи станува збор за информација којашто произлегува од јавниот интерес, но веста е обработена неетички и непрофесионално. Комисијата утврдила дека содржината на текстот е тенденциозна и содржи сериозни елементи на стереотипизација и дискриминација врз основа на пол. Авторот користел провокативни и сексистички коментари и со тоа го повредил достоинството на советничката и ја дискредитирал нејзината професионалност. Признавајќи ја неприкосновеноста на слободата на изразување и земајќи предвид дека носителите на јавни функции треба да подлежат на построг јавен надзор, Комисијата посочува дека медиумите не смеат да ги поминат границите на слободата на изразување. При одлучувањето, Комисијата се повикува на Законот за спречување и заштита од дискриминација, на Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите и на Уставот на Република Северна Македонија.

Советот за етика во медиумите ја отфрли како неоснована жалбата на текстот објавен од порталот Експрес, со образложение дека порталот не ги повредил професионалните и етички стандарди.

Покрај сите апели до медиумите да не пренесуваат сексистички објави и без критички осврт, одредени медиуми и новинари и самите се извор на вознемирувачки и мизогини изјави. Наместо да се борат против дискриминацијата и негативните појави во јавниот дискурс, тие директно придонесуваат за создавање атмосфера во која се исмева женското учество во јавниот живот и жените воопшто. Ваквото известување создава непријателска и понижувачка средина за сите жени.

### СУДСКА ПРАКСА:

Основниот граѓански суд Скопје во месец септември донесе пресуда со која се утврдува повреда на правото на еднаквост – дискриминација. Судот утврди дека врз тужителите, како припадници на маргинализирана група во општеството – припадници на ромската заедница, е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа, со што Министерството за внатрешни работи го повредило правото на тужителите на еднаков третман при напуштање на територијата на државата.

Тужителите се припадници на ромската етничк а заедница во Република Северна Македонија, кои веќе подолго време живеат во Шпанија каде што имаат регулиран престој. Нивниот малолетен син е роден во Шпанија и покрај македонска, поседува и шпанска патна исправа. Во октомври 2015 година, тужителите биле подготвени да отпатуваат во Барселона од аеродромот во Скопје. При обидот да ја поминат пасошката контрола и да се упатат кон терминалот, на еден од тужителите му било кажано дека ниту тој ниту кој било од членовите на неговото семејство, не можат да отпатуваат, без објаснување на причините за тоа. Тужителите чекале во редот за пасошка контрола заедно со останатите патници, но биле задржани последни и биле дополнително испрашувани за целта на нивното патување и за нивната финансиска состојба, и покрај тоа што тие доставиле уредно купени авиобилети. Откако биле задржани 45 минути на пасошката контрола, полицискиот службеник им наредил на аеродромските службеници да ги затворат вратите и да не им дозволат на тужителите да влезат во авионот. Поради ова, тие биле спречени да отпатуваат во Барселона. По неколку дена тужителите повторно се обиделе да отпатуваат во Шпанија. Овој пат, од нив била побарана само неопходната документација, а не и дополнително објаснување за патувањето.

Повикувајќи се на членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 15 од Законот за граничната контрола, Судот утврдил повреда на слободата на движење на тужителите, односно утврдил повреда на нивното право да ја напуштат територијата на државата. Имено, Уставот гарантира дека секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката, а остварувањето на ова право може да се ограничи со закон единствено во случаите кога тоа е потребно за заштита на националната безбедност, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето. Со оглед на тоа што тужениот не доставил материјален доказ за докажување на спротивното, Судот оценил дека тужителите со својот излез од државата не претставувале закана за јавната политика и меѓународните односи. Судот објаснува дека за конкретниот случај, согласно Законот за граничната контрола, предвидени се минимални гранични проверки.

Судот утврдил дека полицискиот службеник постапил спротивно на Законот за граничната контрола и Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи ги спречил тужителите да ја напуштат територијата на државата. Ваквото постапување на тужениот ги довел тужителите во понеповолна положба во однос на другите граѓани кои ја напуштаат границата на Република Северна Македонија.

Во моментов, Европскиот суд за човекови права постапува по жалба[1] против Република Северна Македонија, поднесена од страна на невладината организација Кхам Делчево и двајца жалители – припадници на ромската етничка заедница, за утврдување повреда на слободата на движење и на принципот на недискриминација. Имено, случајот се однесува на постапка којашто се водела пред домашните судови, врз основа на спроведено тестирање на ситуација каде што двајцата жалители се обиделе да ја напуштат државата со автобус, со намера да го тестираат однесувањето на граничните власти. Откако пристигнале на граничниот премин, по долго испрашување од страна на граничните полициски службеници им било дозволено да ја напуштат државата. Жалителите започнале граѓанска постапка против државата за утврдување повреда на слободата на движење и на принципот на недискриминација. Тие тврделе дека биле издвоени од останатите патници и биле принудени да го напуштат автобусот, притоа биле испрашувани и навредувани од страна на граничниот полициски службеник поради нивната етничка припадност. Домашните судови делумно ги одбиле тврдењата на жалителите, со образложение дека испрашувањата биле дел од стандардната процедура на граничната полиција, оттаму и наводите за дискриминација на жалителите биле неосновани. За домашните судови бил клучен фактот што на жалителите им било дозволено да ја поминат границата, па поради тоа не утврдиле повреда на слободата на движење.

[1] НВО Кхам Делчево и други против Република Северна Македонија (Application no. 34791/17)

https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"languageisocode":["ENG"],"respondent":["MKD"],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER","COMMUNICATEDCASES"],"kpdate":["2019-04-21T00:00:00.0Z","2019-10-21T00:00:00.0Z"],"itemid":["001-196315"]}

### РЕСУРСИ:


1. ОБСЕ „Истражување предводено од ОБСЕ за насилството врз жените – тематски извештај – искуства на жените со попреченост“ –

https://www.osce.org/secretariat/430007?download=true

2. ОБСЕ „Слобода на религија или верско уверување и безбедност: Водич за политики“ –

https://www.osce.org/odihr/429389?download=true

3. Еквинет „Второ истражување во врска со малцинствата и дискриминацијата во Европската унија – жени мигранти - одбрани наоди“ –

https://fra.europa.eu/en/publication/2019/eumidis-ii-migrant-women

4. Еквинет „Враќање на децата без придружба: заклучоци за основните права“ –

https://fra.europa.eu/en/publication/2019/returning-unaccompanied-children

5. Мрежа за заштита од дискриминација „Вознемирувачка, сексистичка и мизогина изјава на портпаролот на ВМРО ДПМНЕ“ –

https://mhc.org.mk/news/voznemiruvachka-seksistichka-i-mizogina-izjava-na-portparolot-na-vmro-dpmne/

6. Мрежа за заштита од дискриминација „Остра осуда за новинарите и медиумите кои шират сексистички и омаловажувачки говор кон жените“ –

https://mhc.org.mk/news/ostra-osuda-za-novinarite-i-mediumite-koi-shirat-seksistichki-i-omalovazhuvachki-govor-kon-zhenite/

7. Македонско здружение на млади правници „Билтен бр.10 Проект на УСАИД за заштита на човековите права“ –

http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2016/09/Билтен-бр.10-Проект-на-УСАИД-за-заштита-на-човековите-права.pdf/ .


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**